# студентско ехо



**БРОЈ 32, МАРТ 2026**
**БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК**

GOCE DELCEV
UNIVERSITY

ACE2 EUROPEAN UNIVERSITY
Applied
Connected
Entrepreneurial &
Engaged

## СОДРЖИНА:

4. ДАЛИ ЧИТАМЕ КНИГИ, КОЛКУ НИ СЕ ВАЖНИ И ШТО МОЖЕМЕ ДА НАУЧИМЕ ОД КЛАСИЦИТЕ?
8. СТУДЕНТСКИОТ ЖИВОТ ВО ШТИП: ПРЕДИЗВИЦИ И МОЖНОСТИ
10. ДА ОСТАНЕШ ИЛИ ДА ЗАМИНЕШ?
16. КАКО СЕ СОЗДАЛА ДИПЛОМАТИЈАТА ?
17. ЅИРНЕТЕ ВО СРЦЕТО НА БЕЛАСИЦА: СЕЛАТА ШТО ВРЕДАТ ДА СЕ ПОСЕТАТ
20. ФЕМИНИЗМОТ КАКО ИДЕЈА
21. СТУДЕНТИ ОД УГД ПРЕКУ АЛИЈАНСАТА ВО ПОРТУГАЛИЈА24. ДАЛИ НА ШТИП И УГД Е ПОТРЕБНА БОТАНИЧКА БАВЧА
25. КАКО ИЗГЛЕДА СТУДИРАЊЕТО ВО СЛОВЕНИЈА?
27. КОЈА Е ДЕНИЦИЈА, МУЗАТА ВО ПОЕТСКОТО ТВОРЕШТВО НА ПЕТРЕ М: АНДРЕЕВСКИ?
29. ТРКАТА ЗА ВЕШТАЧКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА 2026: АМЕРИКА ГИ ИМА ЧИПОВИТЕ, КИНА ЈА ИМА ЕНЕРГИЈАТА
30. РОБОТИ НАМЕСТО ВИЗИ: ЕВРОПА ЈА МЕНУВА НИСКОКВАЛИФИКУВАНАТА РАБОТНА СИЛА СО АВТОМАТИЗАЦИЈА
32. ЕПЛ ЈА МЕНУВА ИГРАТА: ОД УЛТРА-ТЕНКИОТ „IPHONE AIR" ДО ПРВИОТ ТЕЛЕФОН НА ПРЕКЛОП
33. ИЗГУБЕН ВО ПРОСТОРОТ: ШТО МИ СЕ СЛУЧИ КОГА ОСТАНАВ БЕЗ „GOOGLE MAPS"
34. ПРАЗНИ ТРИБИНИ, ПОЛНИ ЕКРАНИ: ДАЛИ МЛАДИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ПРЕСТАНАА ДА ГЛЕДААТ СПОРТ?

## ИМПРЕСУМ:

„Студентско ехо" 32
Студентско списание
Катедра по новинарство и односи со јавноста
Правен факултет – Универзитет „Гоце Делчев"
Првиот број на списанието излезе во декември 2011 година
(основач на списанието е проф.д-р Сузана Џамтоска – Здравковска со студентската генерација 2010-2011)

Главен и одговорен уредник:
проф. д-р Андон Мајхошев

Графички уредник и фотографија:
Александар Максимов

Списанието излегува четири пати во текот на една студиска година и бесплатно се дистрибуира во сите наставни центри на Универзитетот. Целокупниот тираж е овозможен од Студентскиот парламент на Универзитетот и е бесплатен за сите читатели.

Контакт адреса:
studentskoeho@gmail.com
facebook.com/studentskoeho

# ДАЛИ ЧИТАМЕ КНИГИ, КОЛКУ НИ СЕ ВАЖНИ И ШТО МОЖЕМЕ ДА НАУЧИМЕ ОД КЛАСИЦИТЕ?

Во минатото книгата претставувала извор на мудроста и знаењето, била секојдневен избор на луѓето кои сакале да научат нешто повеќе за светот, да погледнат и од другата страна на животот, да ги прошират своите хоризонти и да го збогатат својот внатрешен свет. Денес на врвот од напредокот на технологијата, се поставува прашањето: дали и денес луѓето за приоритет ја сметаат книгата, дали денес луѓето читаат книги? За жал, денес библиотеката е ретко посетено место посебно од страна на младите луѓе. Пораснати во ерата на социјалните мрежи, младите сè почесто го избираат она што е брзо, лесно и достапно, нешто што не бара многу размислување или трпеливост. А, чувството да се изгубиш во страниците на една вредна книга е како да си проживеал уште еден живот. Постои една мисла на Џорџ Р. Р. Мартин која вели дека „писателите и читателите живеат не еден, туку илјада животи". Оваа појава отвора едно важно прашање зошто сè помалку читаме книги, колку ни се потребни и што губиме кога ги занемаруваме, особено класичните дела?







Фактори кои би влијаеле на тоа што нашиот избор често не е книга во рацете се повеќе и различни. Брзиот ритам на современиот живот често не ни остава време да се посветиме на некоја книга. Обврските кон работата и училиштето се приоритети а слободното време често го минуваме пред електронскиот екран кој нуди интересни содржини кои би не спречиле да земаме книга во рацете и да посветиме внимание на неа. Но, важно е и дали од мали сме развиле навика кон читањето. Ако никогаш не сме почувствувале радост од приказната сокриена во страниците на една книга тогаш и како возрасни ќе ни биде потешко да ја избереме книгата наместо другите активности. Највлијателниот фактор е секако технологијата, луѓето често забораваат дека таа е создадена со цел олеснување на секојдневните обврски, но не значи дека треба да го замени времето и вниманието да откриваме нови светови. Книгите имаат незаменлива улога. Тие се извор на знаењето, но и на емоционален развој. Читањето ни го збогатува речникот, ја подобрува писменоста и ја развива способноста за критичко размислување. Кога читаме ние активно ја создаваме сликата во нашата глава, ги замислуваме ликовите и настаните, сочувствуваме со нив и доживуваме емоции кои честопати се многу посилни отколку кога ги гледаме на екран. Моќта на класиците е многу силна, не затоа што опстанале низ вековите туку затоа што се безвременски, затоа што имале многу големо влијание врз самиот човек. Кога го читаме романот „Злосторство и казна" од Достоевски ја чувствуваме внатрешната борба на човек кој се обидува да го оправда своето злодело. Потсвеста нè тера за размислиме за моралот, за вината како и последиците од нашите постапки. „Гордост и предрасуда" се смета за најголем класик на сите времиња, кој ја разработува темата како предрасудите, општествените норми и правила како и гордоста можат да влијаат на односите меѓу луѓето. Џејн Остин ни покажува дека некогаш погрешно судиме за другите само врз основа на прв впечаток или општествено прифатени стереотипи, без да ги запознаеме вистински личностите. Трагедиите на Вилијам Шекспир како „Хамлет" или „Макбет" ни даваат до знаење како преголемата амбиција, љубомората и жедта за моќ можат да го уништат човекот. Овие теми не припаѓаат само на минатото-тие се дел од човечката природа и денес затоа и се сметат за врвни класични дела. И покрај технолошкиот напредок, книгата останува како незаменлив извор на знаењето кој секогаш може да му даде добра насока на човекот. А, од класиците можеме да научиме дека и во минатото и сега луѓето имаа исти чувства и слабости и токму тие дела му помагаат на човекот, затоа и се вечни.











УНИВЕРЗИТЕТ
ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

# СТУДЕНТСКИОТ ЖИВОТ ВО ШТИП: ПРЕДИЗВИЦИ И МОЖНОСТИ





Студентските години често се опишуваат како „најубавиот период од животот“. Тоа е време кога младите луѓе ја градат својата иднина, но истовремено, соочувајќи се со бројни предизвици, ја обликуваат и сопствената личност. Во Штип, како значаен универзитетски центар во источниот дел на државата, студентскиот живот има посебна динамика. За разлика од метрополата, животот на студент во Штип е помирен, поинтимен и поорганизиран. Наместо брзото и хаотично темпо карактеристично за поголемите градови тука доминира атмосфера на блискост, поврзаност и чувство на припадност. Таквата средина овозможува студентите полесно да се навикнат на новиот начин на живот. Преселбата од родниот крај во нова средина за многумина претставува голем чекор, исполнет со возбуда и неизвесност. Во Штип благодарение на мирната атмосфера и блискоста меѓу луѓето, студентите многу полесно се прилагодуваат. Факултетите, домовите, кафулињата и останатите институции се наоѓаат на релативно мала оддалеченост, што го прави секојдневието многу поорганизирано. Срцето на студентскиот живот во Штип е Универзитетот „Гоце Делчев“ . Илјадници студенти од различни градови доаѓаат во Штип со иста цел-да стекнат квалитетно образование и да си овозможат подобра иднина. Универзитетот нуди разновидни студиски програми- од медицина и право до информатика, економија, уметност и технички науки. Но, универзитетот е повеќе од предавања и испити, тој е место каде што се раѓаат нови пријателства, нови соништа и амбиции. Во помала средина како во Штип комуникацијата помеѓу професорите и студентите е директна и достапна што го олеснува процесот на учење. Сепак, академските обврски не се лесни, колоквиумите, испитите и проектните задачи бараат истрајност и максимален посветен труд. Иако, Штип се смета за финансиски попристапен град во споредба со Скопје, студентскиот буџет секогаш претставува внимателно испланирана категорија. Месечните трошоци опфаќаат кирија, сметки за струја, вода и интернет, храна, превоз како и трошоци за набавка на книги, скрипти и дополнителни студиски материјали. Универзитетот како предност има создадено електронска библиотека каде што студентите можат да преземаат потребни книги и студиски материјали, што значително го намалува трошокот за студии. Дополнително, студентите кои потекнуваат од социјално загрозени категории можат да аплицираат за стипендии кои го олеснуваат финансиското оптоварување. Многу студенти живеат со цимери-не само поради финансиската корист, туку и како начин за дружење и меѓусебна поддршка. Делбата на одговорности, како кирија, сметки и редовно одржување на станот учи на компромис и толеранција. Овие искуства им помагаат на студентите да се подготват за животот по студиите, каде што соработката со другите луѓе и организацијата се потребни вештини во секоја област. Ограничените можности за работа во Штип се уште еден предизвик. Најчесто студентите наоѓаат работа во угостителството, трговијата или административни задачи, но дел од студентите се обидуваат да обезбедат дополнителен приход и преку онлајн работа. Балансот помеѓу работата и студиите воопшто не е лесен, но овој предизвик ги учи студентите на поголема дисциплина, издржливост и стекнување на работни навики.

Штип е одличен избор за студентите. Градот, покрај тоа што нуди квалитетно образование, со својот мирен ритам ги привлекува студентите, кои многу брзо се приврзуваат кон неговото секојдневие. Трошоците за живот се прифатливи, а предизвикот да се учи и работи ги обликува студентите во зрели и самостојни личности, подготвени за нивната иднина.







# ДА ОСТАНЕШ ИЛИ ДА ЗАМИНЕШ?




Дилемата што ја носи секоја млада генерација

Во одреден момент од животот, речиси секој млад човек си го поставува истото прашање: да останам или да заминам? Прашање што не доаѓа одеднаш, туку тивко се вселува во нашите мисли – после некој разговор, некоја разочараност, некоја споредба со„.

Да се остане значи да се верува. Да се верува дека таму каде што живееш има иднина, дека трудот ќе се вреднува, дека можеш да создадеш нешто свое. Но истовремено, значи и да се соочиш со предизвиците – ограничени можности, несигурност, чувство дека понекогаш мораш да се бориш повеќе од што треба. Да се замине, пак, често изгледа како полесен избор. Повеќе можности, подобар општествен стандард, „среден систем“. Но заминувањето не е само физичко – тоа е и емоционално напуштање на познатото. Заминуваш од кадешто си пораснал/а, од луѓето што ти всаадиле вредности, од делови од себе што остануваат тука. И токму, овде почнува вистинската дилема. Ние, младите, сме некаде помеѓу соништата и реалноста. Од една страна, сакаме стабилност, успех, подобар живот. Од друга страна, сакаме да припаѓаме, да бидеме блиску до семејството, до местото каде што сме израснале. Овие две дилеми кај нас предизвикуваат немир и судир меѓу себе.



Општеството постојано ни испраќа пораки – дека ако останеш, ризикуваш да не успееш; ако заминеш, ризикуваш да изгубиш дел од себе. Без разлика кој пат ќе го избереш, секогаш останува прашањето: дали ја донесов вистинската одлука?

Можеби вистината е дека нема точен одговор.

Некои ќе заминат и ќе го пронајдат својот пат таму. Некои ќе останат и ќе создадат вредност овде. И двете одлуки бараат храброст. И двете носат своја тежина, но и животна мудрост.

Она што е важно е изборот да биде наш – не направен од страв, не од притисок, не од споредба со другите, туку од искрено чувство за тоа што нè исполнува.

Затоа што на крајот, не е најважно каде сме – туку дали таму каде што сме, успеваме да бидеме свои, среќни и прифатени

И можеби вистинското прашање не е„да останам или да заминам?“, туку: каде можам да изградам живот што има смисла за мене?



МАРИЈА ЧОЛАКОВА

# КАКО СЕ СОЗДАЛА ДИПЛОМАТИЈАТА ?






Корените на дипломатијата извираат уште од раниот развој на цивилизацијата. Во периодот на создавањето на тогашните држави, владетелите увиделе дека развивањето на меѓусебни односи е поисплатливо од постојаните конфликти и војни. На тој начин започнале да се произведуваат повеќе материјални добра, да се разменуваат со соседните земји и постепено се вовеле парите како платежно средство. Постоеле и случаи каде се формирале сојузи помеѓу две или повеќе држави за освојување на одредени територии. Но, дипломатијата каква што денес ја познаваме е особено развиена во Древниот Египет, каде што преку односите со грчките држави се поставиле основите на подоцнежните дипломатски правила и практики. Пратениците и преговарачите што биле испраќани од една држава во друга биле обележани со униформирани знаци за полесно да се распознаат – најчесто на појасот носеле карактеристична бела палка и зелено гранче. Од религиозна гледна точка се верувало дека тие се заштитени од Бог и дека нечовечно однесување кон нив претставува грев. Овие пратеници немале постојани мисии. Тие патувале само кога државата имала одреден интерес или потреба да испрати порака, да склучи договор или да разреши недоразбирање. Индијците ја ценеле нивната улога и често ја користеле фразата: „Мирот и неговата спротивност — војната, зависат од пратеникот." Сепак, дипломатската професија не била без слабости. Патриотизмот не бил секогаш присутен кај сите пратеници; некои често паѓале под притисокот на мито, подмитување од непријателска држава или издавање државни тајни. Со текот на вековите, државите имале потреба од долг процес за да ги оформат своите национални граници, да воспостават постојани претставништва – амбасади и најважно да го одржуваат мирот во односите и соработката со другите земји. Важноста на дипломатијата произлегува од нејзината главна цел а тоа е да обезбеди мирно решавање на конфликтите, да го зачува меѓусебното разбирање, да го зајакне меѓународното партнерство и да спречи војни кога е можно.

Затоа што е докажано дека со дипломатските вештини луѓето успеале да изградат многу мостови и да постигнат разбирање, и токму затоа постои поговорката дека 'дипломатијата датира откога датира и човештвото'. Таа останува суштински инструмент за мир, разбирање и стабилност во светот."









# ЅИРНЕТЕ ВО СРЦЕТО НА БЕЛАСИЦА: СЕЛАТА ШТО ВРЕДАТ ДА СЕ ПОСЕТАТ



Планината Беласица, распространета на три граници, опстојува мирно низ вековите, недопрена од конците на сегашноста. Во својата прегратка ги чува селата Колешино, Смолари и Габрово, не дозволувајќи времето да остави трага врз нив. Ако некогаш во животот побарате авантура или се почувствувате вљубени, тогаш тргнете по патеките на нашата Струмица и следете го секој чекор кој ќе ве одведе кон светот на Беласица. Дозволете си да се изгубите во нејзините тајни шуми, каде гранките се преплетуваат како зелени лавиринти кои мора да се совладаат за да се стигне до скриените водопади. Секоја патека е исполнета со мириси на диви билки, а низ воздухот ќе го препознаете танцот на пеперутките во најшарени бои. Секој поток што ќе го пречекорите ќе се обиде да ви раскаже стара љубовна приказна. Кога веќе ќе почувствувате замор, знајте дека сте блиску до крајот- тогаш ќе ги слушнете водопадите како создаваат своја лековита музика.

Доколку се двоумите кое село да го посетите, бидете љубопитни да ја откриете Римската терма во селото Банско. Откриена во 1978 година при копањето на темелите на хотелот „Цар Самуил", таа претставува доцноримско термално лекувалиште подигнато во III и IV век. Објектот ги користел лековитите води од изворот „Парило" со капацитет од 42 литри во секунда. За љубопитните верници постои можност да се посети црквата „Св. Четириесет севастиски маченици", за која се претпоставува дека е изградена во времето на династијата Комнени по падот на Самуиловото царство.

Селото Габрово ќе ве освои со својата стара архитектура и старите куќи со чардаци кои вешто го чуваат духот на минатото. Населбата, иако мала со околу 100 домаќинства плени со љубезни жители. Вистинска природна убавина се трите Габровски водопади, кои досега беа делумно недостапни но сега сите три можат да се посетат благодарение на ангажманот на општина Струмица. Во Габрово ќе наидете на комбинација помеѓу природата и традицијата и тоа е нешто по кое што ќе го запаметите оваа уникатно село.

Ако патот ве донесе во селото Смолари, бидете подготвени да наидете на зелена убавина и богатство од планински извори. Најпознатата атракција е Смоларскиот водопад на реката Ломница, висок 39,5 метра, кој според последните мерења е највисокиот водопад во Македонија. На дното на водопадот се наоѓа „Маркова Нога"- стапка во вид на коњско копито, за која легендата вели дека ја оставил Шарец, коњот на македонскиот крал Марко кој понекогаш престојувал покрај подгорските водопади.

И за крај уште една убавина што ја краси Беласица е селото Колешино кое плени со своите плодни предели. Мештаните велат дека таму никнуваат и работи кои нема да ги посадиш: бостани, кикиритки, разни земјоделски производи па дури и посебен вид на кралски папрат наречен „осмунда регалис" кој не може да се најде на друго место во Македонија, па ни на Балканот. Сепак најпознатиот украс на селото се водопадите на реката Баба односно Колешинскиот водопад. Се наоѓа во подножјето на планината Беласица меѓу јаворова шума и камени гребени, на надморска височина од 610 метри. До водопадот се стигнува преку патека долга околу километар, која води низ густа шума. Патеката минува низ рустикален мост и камени скали и создава чувство на воодушевувачка убавина со прекрасно зеленило. Водопадот, висок 19,5 метри и широк 6 метри е највпечатлив дел од оваа област а над него се наоѓаат уште неколку помали водопади. Во близина има места за сместување и краток престој придружени со гостопримството на локалните жители, како типично за луѓето од Источна Македонија.

Сите овие споменати убавини-од римските терми во Банско, преку старите куќи и водопади во Габрово, Смолари и Колешино до богатството на природата јасно е дека Македонија има богат рурален туризам кој нуди спој на посебни искуства, близина со природата и можност да се почувствува духот на минатото кој сè уште живее во овие предели. Кога прошетката завршува и кога ние како луѓе стануваме побогати за уште едно доживување тогаш сфаќаме дека сме навистина вљубени во овој живот, овој свет, во Беласица, во татковината.











# ФЕМИНИЗМОТ КАКО ИДЕЈА




Феминизмот е современ општествен феномен кој датира од крајот на 18от век. Жената отсекогаш била потисната и ставана во втор план во општеството во однос на мажот. Идејата за рамноправност на половите била главен столб во борбата за еднаквост и недискриминација. Феминизмот е движење за рамноправност на жените за нивно економска и политичка еманципација. Феминистичката идеја за еднаквост меѓу мажот и жената обичо доаѓала до поголем израз за време на политичките турбуленции во Европа и светот.
Современите идеи за рамноправност меѓу мажот и жената се јавуваат во времето на буржоаските револуции, кога буржоазијата борејќи се власт, го истакнала барањето за слобода и еднаквост меѓу луѓето. Ова барање се однесувало и на еднаквоста по сите основи, вклучувајќи го и правото на еднаквост меѓу мажот и жената. За време на големата француска буржоаска револуција од 1789 година, Олимпија де Гуж во книгата Декларација за правата на жената го истакнала барањето за правото на жената.....да се искаче на политичка трибина и јавно да зборува, се разбира за женските прашања. Во Англија Мери Волстонкрафт во делото Одбрани женски права од 1792 година се залагала за рамноправност во образованието на женските деца. Во тоа време се појавуваат и првите форми на организирање на жените во т.н. женски клубови.
Феминизмот како политичко движење особено се развива во втората половина на 19от век, кога под влијание на развојот на капитализмот за жената станала сериозен проблем во стекнување на самостојна заработка. Поради тоа, женските организации во своите програми, освен барањето да бираат и да бидат бирани го поставиле и барањето за право на образование и да заземаат соодветни места во економијата и државната администрација.
Кон крајот на 19от век националните феминистички организации се здружуваат во меѓународни организации како што се: Меѓународен совет на жени (1888) и Меѓународен борбен сојуз на жените (1902) за постигнување на изборни права и рамноправност.
По Првата светска војна (1914-1918), во повеќе земји жените се изборија за основни политички права: право на глас.
Во 1929 година, женските организации ја основале Интернационала на отворена врата која се залагала за право на жената да се бави со сите професии.
Во современите услови, феминистичкото движење во светот, преку своите организации Меѓународен совет за жени, Меѓународната алијанса на жените о др. водат борба за еднакво наградување за еднаква работа на мажите и жените, за достапност на жената на соодветни работни места во државната администрација, во органите на ООН.
Во 21от век женските организации во светот се борат за намалување на родовиот јаз на платите меѓу мажите и жените кој во светот, тој јаз изнесува околу 15-20%, а во некои земји дури 30%.



# СТУДЕНТИ ОД УГД ПРЕКУ АЛИЈАНСАТА ВО ПОРТУГАЛИЈА









Да се учи надвор од класичната училница и да се работи на реален проект со студенти од цела Европа . Токму тоа го нуди алијансата ACE2EU. Нова слика за студиите на студентите - стекнување нови знаења, запознавање на различни култури и дружба преку шетање на светот.
Воедно тоа е една и од главните причини што ги мотивира младите да се пријават на самата програма. Тие велат - знаењето не се стекнува само во ученичките клупи, понекогаш праксата може да значи многу повеќе од книгите. За нив, како што велат, ваквите искуства се незаборавни. Конкретно курсот „Сторителинг етикети: интерактивно креирање за светот на виното", се одржа дел онлајн, а дел во Сантарем, Португалија.
„Ова искуство ни овозможува разни прилики како запознавање со луѓе од други држави, подобра комуникација со нив и многу нови информации за нивната култура." - вели Гордана Маврова, студент кој присуствува на програмата.
„Очекувам да стекнам практични вештини за подобра комуникација и промоција преку раскажување приказни. Исто така очекувам да добијам нови идеи и инспирација за создавање привлечна содржина." - вели Ѓорѓи Карнатов.
Станува збор за европска универзитетска алијанса која ги поврзува студентите преку кратки, интензивни програми, каде теоријата веднаш се претвора во пракса.
Сантарем, Пртугалија– Програмата ACE2EU во 2026 година организира курс со иновативен пристап на кој студентите треба да научат како да креираат етикети за вино кои ќе ги исполнуваат европските регулативи. Целта на курсот е да се обучат студентите како да користат нови технологии, а воедно со тоа да можат и да ги искористат културните и историските аспекти и да создадат искуства што ќе ги привлечат купувачите.
Според програмата, тие ќе работат во тимови, а секој ден ќе биде исполнет со различни задачи. Од создавање на етикети со помош на дигитални алатки, раскажување на приказна за вината, а на крај ќе треба да излезат со презентации од сработеното пред професионалци и партнери од винската индустрија.
Програмата ACE2EU не се ограничува само на овој курс. Таа нуди и други образовни проекти кои им помагаат на студентите да се развиваат во различни области.

ACE² EUROPEAN UNIVERSITY
Applied
Connected
Entrepreneurial &
Engaged




МАРИЈА ЧОЛАКОВА

# КАКО ИЗГЛЕДА СТУДИРАЊЕТО ВО СЛОВЕНИЈА?

Macedonian Student Organisation in Slovenia

Универзитетот во Љубљана убедливо е највисоко рангиран на Шангајската листа во споредба со сите други универзитети од регионот. Овој факт ја прави Словенија сѐ поатрактивна дестинација за студирање. Одлуката за студирање во странство е голем чекор за секој млад човек. Сѐ повеќе студенти од нашата земја па и пошироко од целиот Балкан ја избираат Словенија како своја дестинација кон иднината.



Младите луѓе се повеќе се привлечени од квалитетното образование кое го нудат факултетите во Словенија, но и поради тоа што оваа земја се издвојува како една од најстабилните и организираните земји ширум регионот. Исто така, дипломата што ќе се стекне на Универзитет во Словенија ги отвара ширум портите на дипломираните во поширокиот европски простор. На ЕУ. Како место за остварување на своите кариерни цели ја имаат избрано околу 82.000 студенти од кои речиси 12.000 се странски студенти. Овој податок јасно кажува дека интересот за студирање во оваа земја постојано расте. Најголемиот број странски студенти потекнуваат од земјите на поранешна Југославија, најчесто поради близината како и сличноста со јазикот и културата, што им овозможува на студентите полесна адаптација на словенското тло. Друга причина за ваквиот интерес се и условите кои ги нудат словенечките универзитети, тие се познати по квалитетната настава, модерните програми и сепак добрата организација на студите затоа и Универзитетот во Љубљана се издвојува од останатите и зазема значајно место на меѓународните ранг-листи. Студиите се јасно структурирани, со точно дефинирани испити, предавања и практични вежби што им овозможува на студентите полесно да го следат наставниот процес. Она што особено ја прави разликата е силниот акцент на практичната настава. На многу факултети особено во техничките и природните науки, студентите редовно работат во модерно опремени лаборатории и учествуваат во проекти. Дополнително, професорите се достапни и отворени за комуникација, а секоја студентска група најчесто има назначен ментор кој ги следи нивните академски резултати и напредок. Другиот аспект на студирањето се однесува на животните потреби, каде Словенија нуди олеснителни поволности на студентите. Тие добиваат субвенционирани студентски бонови за храна, кои овозможуваат евтини оброци во голем број ресторани. Со нив еден оброк чини околу 2 до 5 евра. Дополнително, студентите имаат и субвенциониран јавен превоз кој изнесува околу 20 евра месечно. Исто така отворени се можности за работи, каде преку студентскиот сервис студентите можат да работат и да заработуваат околу 6,2 евра нето на час. Работните места се разновидни од угостителство и административни работи до ИТ и финансии што им овозможува на студентите да стекнат работно искуство додека студираат. Најголем предизвик околу студирањето во Словенија претставува сместувањето. Иако постојат студентски домови, поради големиот број на студенти тие места често се ограничени и затоа многумина студенти се принудени да изнајмуваат станови за чиешто сместување треба да одвојат добар дел од студентскиот буџет. Во однос на познавањето на јазикот во текот на студирањето, словенечките факултети нудат програми кои можат да се одвиваат и на словенечки и на англиски јазик. За словенечките програми најчесто се бара ниво B2, додека за англиските се бара соодветен сертификат. Македонските студенти имаат поддршка од Македонската студентска организација во Словенија (МСОС). Која им нуди помош на студентите при адаптација во новата средина, односно им помага со информации, сместување, потребни документи, студии и секојдневен живот, а истовремено создава и заедница каде студентите се поврзуваат заедно и си помагаат меѓусебно. Да се студира во земја каде има обезбедено добри услови за секого, сметам дека е желба на секој студент кој може слободно да сонува и да ги остварува своите соништа, без притоа премногу да биде загрижен за својата егзистенција во Словенија.



# КОЈА Е ДЕНИЦИЈА, МУЗАТА ВО ПОЕТСКОТО ТВОРЕШТВО НА ПЕТРЕ М: АНДРЕЕВСКИ?

## „Дениција доаѓаше од секаде...“



Во светот постојат многу љубови. Но, можеби најзначајни се оние од кои и ние сме научиле да љубиме, оние од кои сме родени и они со кои се заветуваме на вечна љубов во вечни времиња. Поезијата е љубов, исто така родена од зборот и за зборот, во вечна служба на човештвото, бидејќи таа ни е потреба да оздравиме, повторно да научиме да чувствуваме, зашто кога една личност се развива во текот на животот, таа умее и да заборави на чувствата што некогаш ја правеле среќна. Поезијата ни треба за повторно да се почувствуваме живи, затоа одговорот на прашањата од типот „Чуму уште поезија?“ е дека поезијата е всушност лекот за човештвото. Името на Македонија е овековечено многупати во поезијата на великаните Конески, Шопов, Тодоровски но кога станува збор за Дениција, за големиот Петре М. Андреевски, честа е голема. Дениција е најзначајната збирка поезија на М. Андреевски, во која тој ја опејува својата љубов, а љубови има многу. Дениција е и љубената но засекогаш недостижната жена, татковината, родената земја, зората којашто македонското небо долго ја очекува или домот, место на припадност, корен, кое не можеш да го напуштиш а сепак тајно во стиховите е и место кое го нема... Тоа е и моќта на поетските речи на М. Андреевски- да сакаш нешто, со секоја човечка клетка да го посакуваш, а сепак тоа нешто и да го нема, туку само да оживотворува во мислата македонска. Дениција не може да се смести само во една форма, во една реченица ниту во една дефиниција, бидејќи таа постојано се движи во просторот околу нас, таа е мостот помеѓу кажаното и премолченото, таа е мостот кој ги поврза животот и смртта на македонските борци, таа е крвта, црвена, македонска кој тече низ нашите вени секогаш потсетувајќи нè на историјата, таа е мостот кој треба да го преоди секој Македонец од точката на предавството до величината на храброста. Дениција е она што најмногу се љубело а се изгубило некаде низ стрмните патеки на животот, таа е и секоја искра на надежта дека некогаш можеби повторно љубеното ќе се врати. Дениција е и Божјата рака која нè буди секое утро.

Деницијa е болката на животот што секој човек ја чувствува во секој животен миг, но таа е и силата на човекот која го води низ истата таа болка, ветувајќи дека еден ден сè ќе се исплати, дека секое страдање ќе заврши со воскресение.



## „Како што таа живееше
## додека јас умирав,
## како што и јас не знаев
## како би умрел,
## ако таа не се
## родеше.





# ТРКАТА ЗА ВЕШТАЧКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА 2026: АМЕРИКА ГИ ИМА ЧИПОВИТЕ, КИНА ЈА ИМА ЕНЕРГИЈАТА



Вашингтон/Пекинг — Ривалството помеѓу Соединетите Американски Држави и Кина на полето на вештачката интелигенција (ВИ) влегува во нова, критична фаза. Додека Вашингтон и понатаму доминира во иновациите и дизајнот на најнапредните микрочипови, Пекинг забрзано ја презема предноста во еден неочекуван, но клучен сектор — инфраструктурата и евтината електрична енергија.

Според најновите глобални анализи за 2026 година, најголемиот предизвик за американските технолошки гиганти не е софтверот, туку струјата. Иако компаниите како Microsoft, Google и Meta годинава инвестираат над 600 милијарди долари во ВИ, изградбата на новите огромни дата-центри во САД се соочува со застој. Главната причина е преоптовареноста на локалните енергетски мрежи и силниот отпор на граѓаните поради огромната потрошувачка на вода за ладење на серверите во региони кои веќе се погодени од суши.

Од друга страна, Кина својот фокус го става на масовната имплементација. Благодарение на огромните државни инвестиции во обновливи извори на енергија, кинеските компании градат огромни модуларни дата-центри (како оние на Huawei) за само шест месеци — двојно побрзо од американскиот просек. Експертите ја сумираат состојбата вака: „САД ги имаат чиповите, но се кратки со струја; Кина ја има струјата, но е ограничена со чипови.“

Трговска војна наспроти отворен пазар

Стравувајќи од кинескиот напредок, американската влада предводена од Доналд Трамп месецов дополнително ја прошири „црната листа“, забранувајќи извоз на стратешки технологии кон кинески гиганти како Alibaba, Baidu и BYD, обвинувајќи ги за поврзаност со кинеската армија. Вашингтон стравува дека кинеската индустриска моќ ќе ѐ даде стратешка предност во производството на ВИ роботи и автономни возила.

Сепак, реалниот пазар покажува поинаква слика. Додека политичарите водат војна, американските бизниси сѐ почесто користат кинески ВИ модели со отворен код (open-source), како што е DeepSeek, поради нивната висока ефикасност и ниска цена.

Официјален Пекинг неделава ги отфрли обвинувањата за „технолошка војна“. Од кинеското Министерство за надворешни работи порачаа дека вештачката интелигенција треба да биде глобална можност, а не „бојно поле за геополитички ривалства на големите сили“, повикувајќи на меѓународна соработка.

Во 2026 година, јасно е дека победникот во оваа трка нема да биде само оној што ќе го направи најпаметниот алгоритам во лабораторија. Вистинската битка се води на терен — кој побрзо ќе ја интегрира вештачката интелигенција во фабриките, болниците и секојдневниот живот, и кој ќе успее да обезбеди доволно енергија за да ја одржи во живот.





# РОБОТИ НАМЕСТО ВИЗИ:
## ЕВРОПА ЈА МЕНУВА НИСКОКВАЛИФИКУВАНАТА РАБОТНА СИЛА СО АВТОМАТИЗАЦИЈА







Соочена со длабок парадокс — од една страна критичен недостиг на работници во клучните сектори, а од друга сѐ поголем политички притисок за контрола на миграцијата — Европа брзо се свртува кон едно поинакво решение: автоматизацијата. Наместо увоз на сезонска и нискоквалификувана работна сила, европските компании годинава масовно инвестираат во роботика за да ги пополнат празнините на пазарот на труд.

Транзицијата е највидлива во земјоделството, логистиката и услужните дејности во земји како Германија, Италија, Шпанија и Холандија. Овие земји со децении се потпираа на милиони мигранти и сезонски работници (често од Источна Европа и Африка) за берење овошје, пакување стока во магацини и чистење.

Од нива до магацин: Каде преземаат машините?

Во шпанските и холандските стакленици, традиционалните берачи на домати и јагоди сѐ почесто се заменуваат со автономни роботски раце управувани од вештачка интелигенција. Овие машини користат напредни камери за да проценат кога плодот е зрел и го берат без да го оштетат, работејќи 24 часа на ден.

Слична е состојбата и во гигантските логистички центри низ Германија. Автономните возила во магацините (AGVs) и системите за автоматско сортирање ја намалија потребата од физички работници во пакувањето за речиси 40%. Економските аналитичари посочуваат дека иако почетната инвестиција во роботика е висока, таа на долг рок ги елиминира бирократските трошоци, издавањето визи и трошоците за сместување на работниците.

Крај за традиционалната миграција?

Овој бран на автоматизација создава нов социјален феномен. Додека вратите за нискоквалификуваните мигранти полека се затвораат бидејќи нивните работни места згаснуваат, европските влади драматично ги олеснуваат визните процедури, но само за еден профил: висококвалификувани ИТ инженери, програмери и техничари кои ќе знаат да ги сервисираат и управуваат тие исти роботи.

„Европа веќе не бара евтини раце за работа, туку паметни мозоци кои ќе ги одржуваат машините“, коментираат експертите за пазар на труд во Брисел.

Автоматизацијата се наметнува како „политички безболно“ решение за европските лидери. Таа овозможува економијата да продолжи да расте и да произведува храна и стока, без притоа да се отвораат сложените дебати за интеграција на нови бранови мигранти во европските општества. Сепак, останува отворено прашањето: што ќе се случи со економиите на земјите во развој, кои досега зависеа од парите што нивните емигранти ги праќаа дома?







ACE2 EUROPEAN UNIVERSITY
Applied
Connected
Entrepreneurial &
Engaged

SANTARÉM POLYTECHNIC UNIVERSITY
Lietuvos inžinerijos kolegija
LATVIAN ACADEMY OF CULTURE
GOCE DELCEV UNIVERSITY
MEDICAL UNIVERSITY OF GDAŃSK
KÄRNTEN University of Applied Sciences
UFV Universidad Francisco de Vitoria
Technische Hochschule Ingolstadt

ПРОФ. Д-Р АНДОН МАЈХОШЕВ

# ЕПЛ ЈА МЕНУВА ИГРАТА: ОД УЛТРА-ТЕНКИОТ „IPHONE AIR“ ДО ПРВИОТ ТЕЛЕФОН НА ПРЕКЛОП



По години минимални дизајнерски промени, технолошкиот гигант Apple целосно го редефинира концептот на својот најпознат производ. Според најновите случувања и протечени информации за 2026 година, компанијата се фокусира на две екстремни дизајнерски филозофии: ултра-тенок профил и технологија на преклоп (foldable).

iPhone Air“: Крајна елеганција наместо „Plus“

„Првиот чекор во новата ера е концептот на iPhone Air (кој ја заменува досегашната Plus линија). Со дебелина од само 5,6 милиметри, тој е најтенкиот iPhone некогаш направен, надминувајќи го дури и стариот iPhone 6. Овој модел е дизајниран за корисници кои ја ценат естетиката и футуристичкиот изглед пред масивните системи со камери. Изработен од титаниум и стакло, Air моделот користи само една моќна задна камера од 48 мегапиксели, фокусирајќи се на леснотијата и елеганцијата во раката.

iPhone Fold“: Долгоочекуваниот телефон на преклоп

„Вистинскиот шок за пазарот се очекува во септември 2026 година, за кога Apple го подготвува својот прв телефон на преклоп — iPhone Fold. Со овој потег, Apple директно им фрла ракавица на Samsung и Google.

Според инсајдерските информации, уредот ќе има надворешен екран од 5,5 инчи, кој при отворање се трансформира во масивен внатрешен дисплеј од 7,8 инчи, налик на iPad. Покрај револуционерниот дизајн со специјална шарка (hinge) дизајнирана да го минимизира превиткувањето на екранот, уредот ќе биде придвижуван од новиот 2-нанометарски A20 чип. Сепак, ексклузивноста ќе има своја цена — се шпекулира дека почетната цена на iPhone Fold ќе се движи околу 2.000 долари.

Со воведувањето на Air и претстојниот Fold, Apple го напушта традиционалното годишно освежување на истиот дизајн. Компанијата очигледно верува дека иднината на паметните телефони лежи во екстремната преносливост и екраните кои се прилагодуваат на потребите на корисникот, поддржани со длабока интеграција на нивната нова вештачка интелигенција (Apple Intelligence). Пазарот сега со нетрпение чека да види дали овие храбри дизајнерски потези ќе ја задржат доминацијата на iPhone во следната деценија.



# ИЗГУБЕН ВО ПРОСТОРОТ: ШТО МИ СЕ СЛУЧИ КОГА ОСТАНАВ БЕЗ „GOOGLE MAPS“



Замислете ја следнава ситуација, бидејќи токму тоа ми се случи пред некој ден: батеријата на мојот паметен телефон се исклучи, се најдов во непозната населба и требаше да пронајдам една конкретна адреса. За повозрасните генерации, ова ќе беше само мала непријатност која ќе ја решеа со прашување на првиот минувач. Но, за мене? За мене тоа беше вистински напад на паника.

Сфатив дека во оваа ера на дигитална доминација, апликациите како Google Maps станале мојот единствен компас. Стоејќи таму беспомошно, се запрашав: дали технологијата навистина ми го олесни патот или целосно ми го одзеде чувството за просторна ориентација?

Крајот на мапите и мојата „дигитална амнезија“

Се сеќавам како порано патувањето со моите родители значеше расплетување на огромни хартиени мапи во автомобилот, следење на патокази и помнење на физички ориентири („ќе свртиме лево по големата жолта зграда“). Денес, искрено признавам дека спаѓам во оние млади луѓе кои не би знаеле да прочитаат традиционална топографска карта дури и животот да им зависи од тоа.

Оваа моја зависност очигледно си има цена. Сфатив дека страдам од она што невролозите го нарекуваат „дигитална амнезија“. Бидејќи мојот мозок веќе не мора да ги памти рутите, мојот внатрешен центар за навигација едноставно се успал. Најчесто пристигнувам на дестинацијата како да сум на „автопилот“, воден исклучиво од гласот на виртуелниот асистент, без воопшто да обрнам внимание на улиците низ кои поминувам.

Каде исчезна „романтиката на залутувањето“?

Без екранот пред мене, сфатив што сè сум изгубил. Некогаш, губењето во непознат европски град значеше авантура — јас самиот да откријам некое скриено локално кафуле, таен плоштад или интересен музеј. Денес, секој мој чекор е алгоритамски пресметан, рутата ми е оптимизирана да биде најбрза, а спонтаноста ми е сведена на апсолутна нула. Сè е испланирано до последната секунда.

Судирот со реалноста

Што би правел ако утре навистина падне системот на сателити? Тој ден се чувствував како изгубен турист во сопствениот град. Морав да се вратам на заборавената вештина — да ја проголтам гордоста, да прекинам непознат човек на улица и да побарам правец.

Без Google Maps, мојот свет тој ден изгледаше како огромен, застрашувачки лавиринт. Иако технологијата ми овозможува неверојатна ефикасност и слобода при движењето, ова искуство ме научи една важна лекција: морам повремено да го исклучувам GPS-от. Да погледнам нагоре од екранот, да ја набљудувам околината и да си дозволам луксуз понекогаш малку да се изгубам – само за да видам дали сè уште знам самиот да го пронајдам патот назад.









УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“
ШТИП
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“
ШТИП
www.ugd.edu.mk

# ПРАЗНИ ТРИБИНИ, ПОЛНИ ЕКРАНИ: ДАЛИ МЛАДИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ПРЕСТАНАА ДА ГЛЕДААТ СПОРТ?







Доколку викендов посетите натпревар од Првата македонска фудбалска или кошаркарска лига, глетката најчесто е иста: полупразни трибини, повозрасна публика и едвај по некој тинејџер. Врз основа на оваа слика, лесно е да се донесе заклучок дека младите во Македонија целосно го изгубиле интересот за спортот. Но, реалноста е малку посложена. Гледаноста не опаѓа — таа драстично ја промени својата форма.

Криза на домашниот терен, но не и на интересот

Спортските работници се согласуваат дека интересот за локалниот спорт бележи сериозен пад. Застарената инфраструктура, недостигот на вистински маркетинг и генералниот пад на квалитетот во домашните лиги ги избркаа новите генерации од стадионите. Дополнително, за денешната дигитална генерација, традиционалниот формат на седење и следење натпревар од 90 минути без прекин, често се смета за премногу бавен.

Спортот се консумира преку „хајлајтс“

Спротивно на празните стадиони во државата, дигиталната потрошувачка на спортски содржини меѓу младите Македонци е на рекордно високо ниво. Тие не престанаа да сакаат спорт, туку го променија начинот на кој го консумираат.

Наместо да гледаат цели натпревари од домашните првенства, младите денес секојдневно следат кратки видеа на TikTok и Instagram Reels со најдобрите потези на глобални ѕвезди како Лука Дончиќ, Килијан Мбапе или Џуд Белингем. Фокусот е трајно префрлен: младите повеќе не навиваат само за клубови, туку следат индивидуални суперѕвезди. Истовремено, растечката популарност на „Фантази“ лигите (како Fantasy Premier League) ги држи константно вклучени во спортските случувања.

Е-спортот како нова реалност

Уште еден феномен кој не смее да се игнорира е огромната експанзија на е-спортот. За голем дел од македонските тинејџери, следењето на преноси од светски турнири во Counter-Strike, League of Legends или EA Sports FC на платформи како Twitch предизвикува многу поголем интерес отколку локалното фудбалско дерби. Виртуелните арени постепено ги заменуваат физичките трибини.

Гледаноста на спортот кај младите во Македонија не е во опаѓање — таа едноставно еволуираше. Спортот денес се консумира побрзо, подигитално и поглобално од кога било досега. Вистинскиот предизвик не е како да се натераат младите повторно да сакаат спорт, туку како македонските спортски колективи да се модернизираат и да станат релевантни на малите екрани на паметните телефони — таму каде што всушност живее нивната публика.





УНИВЕРЗИТЕТСКО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ

GOCE DELCEV
UNIVERSITY

ACE2
EUROPEAN UNIVERSITY

Applied
Connected
Entrepreneurial &
Engaged